

# СЕКОЈА ЖЕНА ИМА ПРАВО НА ЗДРАВА БРЕМЕНОСТ!

**Информирај се за твоите права поврзани со здравствената заштита во текот на бременоста!**



**Додека си бремена, во текот на породувањето и во периодот потоа, ти и твоето новородено имате загарантирано право на здравствена заштита и здравствени услуги кај матичен лекар, кај лекар-специјалист и во болница.**

## Како може да ги оствариш овие права?

За да имаш право на овие услуги, потребно е да поседуваш здравствено осигурување и да избереш матичен гинеколог, кај кого се бесплатни сите прегледи во текот на бременоста, односно за нив не се плаќа партиципација, вклучувајќи го и ЕХО-прегледот.

Бројот на прегледите кај матичниот гинеколог за жена која раѓа прв пат изнесува 10, а жената која веќе има родено треба да направи 7 прегледа.

Доколку сè уште немаш избрано матичен гинеколог, сега е вистинскиот момент за тоа! За стекнување статус на здравствен осигуреник, обрати се во најблиската подрачна единица на Фондот за здравствено осигурување, каде ќе ти ја објаснат постапката. Побарај објаснување и помош и од ромските здравствени медијатори и од ромските теренски работници во Младинскиот центар „Сакам да знам" кои делуваат во твојата заедница. Освен прегледите кај матичен гинеколог, бесплатни се и следниве услуги, односно не е потребна партиципација за:

- сите прегледи за кои гинекологот ќе ти даде упат
- болничко лекување доколку постојат здравствени ризици кои можат да ти наштетат тебе или на плодот (патолошка бременост)
- породување во болница, вклучително и оперативно породување (со царски рез) доколку за тоа постои медицинска оправданост
- болничко лекување на доенчето до 12 месечна возраст
- ортопедски лекарски ЕХО-преглед на доенчињата и посети од страна на патронажна сестра во текот на бременоста и по породувањето



## Кога треба да посетиш  матичен гинеколог?

Првиот гинеколошки преглед како и изборот на матичен гинеколог, треба да се случи што порано, по можност уште пред да забремениш. Но, доколку веќе се сомневаш дека си бремена, прегледот во првите три месеци од бременоста е **НАЈВАЖНИОТ** преглед за плодот и за тебе!

### За да имаш здраво бебе...

...треба да посетуваш матичен гинеколог навремено и редовно, но и да знаеш што да очекуваш од него!

## Гинекологот вообичаено го прави следново:

- ќе ти даде информации за сите видови на испитувања кои треба да ги направиш во текот на бременоста, вклучувајќи ги можните ризици и придобивки од испитувањата
- ќе ти даде рецепт за фолна киселина која треба да ја земеш бесплатно од било која патронажна служба во градот
- ќе ја мери твојата телесната тежина
- ќе ти го мери крвниот притисок при секоја посета

- ќе ти даде упат за испитување на мокрача при секоја посета
- ќе те упати на лабораториски прегледи за постоење на слабокрвност и нивото на шеќер во крвта
- ќе те упати на Институт за трансфузиологија за да се одреди крвната група и РХ-фактор
- ќе го провери растот на матката, односно плодот и доколку има потреба, ќе направи ЕХО-преглед (важни се три ЕХО-прегледи и тоа околу 12-та недела, помеѓу 20-та и 22-та недела и во 30-та недела од бременоста)
- ќе ти земе микробиолошки брис од вагината и грлото на матката за да провери дали имаш генитална инфекција која бара лекување
- ќе ти даде упат за преглед на крвта (и ЕХО-преглед) за откривање на вродени пореметувања на плодот
- ќе ти даде совет за исхрана и однесување во текот на бременоста, вклучувајќи престанок на пушењето и употребата на алокохол, како и совет како да се намали ризикот од инфекции преку храна
- ќе ти каже кои предупредувачки знаци треба да те натераат итно да се јавиш на гинеколог (силна главоболка, заматен вид, крварење, болка во стомакот)



**По породувањето (помеѓу 5-та и 12-та недела), потребно е да посетиш матичен гинеколог, кој ќе го направи следново:**

- гинеколошки преглед
- мерење на крвниот притисок
- ќе ти препише упат за проверка на мокрача
- ќе разговора за можно крварење, исцедок, температура, болка, воспоставување на доење
- ќе ти даде совет за контрацепција и
- ќе утврди дали постојат знаци на послепородилна депресија

Побарај од матичниот гинеколог да ја даде твојата адреса на патронажната сестра која набрзо треба да те посети во твојот дом, и тоа најмалку два пати во текот на бременоста и два пати по породувањето. Од неа треба да го очекуваш следново:

- совет за тоа како да се справиш со пропратните проблеми во текот на бременоста: мачнина, киселини, запек и хемороиди, хигиена, вагинален флуор, патување, одмор, застој на венската крв во нозете, стрии, болки во грбот, нега на забите
- да те информира кога треба да се јавиш на гинеколог и што да очекуваш од него

- совет за правилна исхрана и однесување
- совети за доење и нега на новороденчето

Доколку нешто не си разбрала доволно, побарај од гинекологот или од медицинската сестра да ти го објасни секој преглед и испитување, слободно поставувај прашања и разговарај за сè што те интересира. Информацијата, препораката и советот можат да ти бидат од корист само доколку потполно ги разбереш!

**Обрати се во младинскиот центар на ХЕРА „Сакам да знам" во Шуто Оризари доколку:**

- ти требаат дополнителни информации во врска со твоите права
- немаш здравствено осигурување или сметаш дека твоите права не се почитуваат (матичниот гинеколог ти наплаќа за услуги кои се бесплатни или одбива да го избереш за матичен гинеколог)
- имаш потреба од дополнителна информација за прегледите во текот на бременоста

**Дополнително, таму можеш да ги добиеш и следниве услуги кои се доверливи и бесплатни, а за кои не ти е потребен упат и здравствена книшка:**

- дерматолошки прегледи (прегледи од кожен лекар)
- гинеколошки прегледи и советувања
- делење на контрацептивни средства (кондоми, орална контрацепција – апчиња за „чување", итна контрацепција, спирала)
- тестирање и лекување на сексуално преносливи инфекции
- ХИВ тестирање и советување
- советувања со психолог
- советување за сексуалност и сексуална едукација
- услуги од правен советник
- услуги од социјален работник и
- советување за превенција од употреба на droги

**Младински центар „Сакам да знам" - Шуто Оризари 02 2 651-955**



Х. Е. Р. А.
асоцијација за здравствена едукација и истражување

A Member Association of
IPPF International Planned Parenthood Federation
European Network

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА